РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр. 02-93/5
Скопје, 11.09.2026 година

ЗАПИСНИК
од педесетта седница одржана на 11.09.2026 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева – член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-дин м-р Ненад Савески - член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на педесеттата седница на Советот, по што го предложи следниот:

Дневен ред

1. Формирање на Комисија за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје по објавен оглас
   – Формирање на Комисија за подготвување на кандидатски листи
   - Формирање на Комисија за спроведување на избори
2. Продолжување на работен однос на избрани и именувани лица согласно писмена изјава дадена до 31.08.2026 година согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи од 20.05.2026 година за јавните обвинители Елизабета Павловска-ОЈО Скопје, Фаик Арслани- ВЈО Гостивар, Миле Петков-ОЈО Струмица, Ферат Елези- ЈОРСМ, Антонио Јолевски- ВЈО Битола, Софка Ќека Наумова –ОЈО Скопје, Џелал Хусмани- ВЈО Гостивар и Оливера Проеска – ОЈО ГОКК – Скопје
3. Разно

Воедно предложи точка 3 да гласи Разгледување на одлуката на Управен суд У бр. 5/1272 од 2026 година во врска со тужбата на јавниот обвинител Ахмед Ахмеди, а точката 4 биде точка Разно.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека огласот за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е завршен и во смисла на рокот за поднесување пријави согласно законот Советот ќе формира две комисии и тоа Комисија за подготвување на кандидатска листа и Комисија за спроведување на гласање за избор на ОЈО на ОЈО ГОКК-Скопје. За членови на Комисијата за подготвување на кандидатска листа ги предложи г-ѓа Марјана Илиеска – Претседател, г-ѓа Душица Димитриеска-член и г-дин Ардиан Демири-член.

За членови на Комисијата за спроведување на избори за избор на ОЈО на ОЈО ГОКК-Скопје ги предложи следните и тоа: за Претседател г-дин Ермон Незири, г-ѓа Кети Петкова- член, г-ѓа Светлана Стојковиќ-член, за заменици членови ги предложи г-дин Фатих Алиу- заменик претседател , г-ѓа Јелена Догазанка Колева – заменик член и г-ѓа Зорица Павловиќ – заменик член.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше прифатен и усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека јавните обвинители Елизабета Павловска, Фаик Арслани, Миле Петков, Ферат Елези, Антонио Јолевски, Софка Ќека Наумова, Џелал Хусмани и Оливера Проеска во законски рок до 31.08.2026 година, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи имаат поднесени барања за продолжување на работниот однос за една година. Кажа дека ги исполнуваат условите и предложи Советот да донесе решенија за секој јавен обвинител поединечно за продолжуавње на работниот однос. Едногласно од страна на членовите на Советот беше одлучено Советот да донесе решенија за продолжување на работниот однос т.е вршењето на функцијата за една година на јавните обвинители Елизабета Павловска, Фаик Арслани, Миле Петков, Ферат Елези, Антонио Јолевски, Софка Ќека Наумова, Џелал Хусмани и Оливера Проеска.

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека СОР одлука која ја има донесена Советот на јавните обвинители за јавниот обвинител Ахмед Ахмеди била поништена од страна на Управниот суд со решение У бр.5-1272 од 03.09.2026 година и предметот се враќа повторно на одлучување пред туженият орган.

Збор зема г-ѓа Светлана Стојковиќ која кажа дека на ден 17.07.2026 година Советот на одржаната седница констатирал престанок на вршењето функција на јавниот обвинител Ахмед Ахмеди поради исполнување на услови за старосна пензија. Во решението било напоменато дека Одлуката и Решението стапуваат на сила на 08.09.2026 година кога јавниот обвинител ги исполнува условите за старосна пензија. Наведе дека седницата била порано одржана од причина што било време на годишни одмори, поради немање на кворум не би можело тогаш да се одржи седница на Советот. Воедно кажа дека ЈО поднел тужба пред Управниот суд, дека била застапник на Советот како тужен орган. Пресудата била донесена веднаш после јавната расправа, со што Одлуката на Советот била поништена , предметот бил вратен на повторно одлучување. Причина за поништување на

одлуката било тоа што Советот доследно не го применил чл.59 од Законот за СЈОРСМ и дека нема друга повреда на законот. Смета дека на денешната седница на ден 11.09.2026 година, Советот ќе треба да донесе Одлука и Решение за престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија.

Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Одлука и Решение за престанок на работниот однос на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар г-дин Ахмед Ахмеди на 08.09.2026 година.

Под точка разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека од страна на ЈОРСМ до Советот бил доставен допис дека на јавниот обвинител во ОЈО Струмица, Надица Василева Спасова согласно добиеното решение од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување е констатирано дека може да работи со скратено работно време од 4 часа. Воедно предложи одлуката да се препрати до ОЈО Струмица.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека распоредот за работа на јавните обвинители ги изготвува ОЈО на ОЈО Струмица, согласно тоа истиот е должен да го спроведе даденото мислење на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и да се изготви нов распоред за работата на јавните обвинители во ОЈО Струмица.

Откако никој не зема збор, Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи педесеттата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Башким Бесими